

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец април 2026

Датум: 12.05.2026
Сектор Инвестиции

SAVA PENZISKO

## Содржина

1. Реплек АД Скопје ........................................................................................................................ 3
2. Тетекс АД Тетово......................................................................................................................... 8

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец април 2026 година се одржаа акционерски собранија на **Реплек АД Скопје и Тетекс АД Тетово,** компании во кои Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус поседуваат акции и за кои согласно Правилникот, Друштвото има обврска за присуство и известување.

# 1. Реплек АД Скопје

### 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Реплек АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Реплек АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **7,00%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,34%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 01.04.2026 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;<br>3. Избор на Претседавач на Собранието;<br>4. Усвојување на Дневниот ред.<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Разгледување и усвојување на годишни и финансиски извештаи за работата на Друштвото во 2025 година. | |

| | |
|---|---|
| | • Предлог-одлука за одобрување и усвојување на годишни извештаи (единечен и консолидиран) за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2025 година;<br>• Предлог-одлука за одобрување и усвојување Годишна сметка и Финансиски извештај на Друштвото;<br>• Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година;<br>• Предлог-одлука за одобрување на работата и за водење на работењето на Друштвото од страна на членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2025 година.<br><br>2. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2025 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот.<br>• Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2025 година;<br>• Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор.<br><br>3. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;<br>• Предлог-одлука за усвојување на извештаите од овластениот ревизор;<br>• Предлог- одлука за назначување овластен ревизор за 2026 година.<br><br>4. Донесување на одлука за распределба на добивката по |

| | |
|---|---|
| | годишната сметка на Друштвото за 2025 година.<br>• Предлог-одлука за распределба на добивка по годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2025 година<br>• Предлог-одлука за утврдување датуми при исплата на дивиденда за 2025 година(дивиденден календар).<br><br>5. Разгледување и усвојување на предлог-одлука за измена и дополнување на Статут.<br>• Предлог одлука за измена и дополнување на Статутот на Реплек АД Скопје,<br>• Усвојување на Пречистен текст на Статутот на Реплек АД Скопје.<br><br>6. Донесување одлука за стекнување на сопствени акции со откуп и за продажба (отуѓување) на сопствени акции.<br>• Предлог-одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;<br>• Предлог-одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда. |
| *Претставник на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Реплек АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Реплек АД Скопје се одржа на 01.04.2026 година со почеток во 10:00 часот, во деловните простории на Друштвото на ул. Козле бр. 188 Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од Дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери
3. Избор на Претседавач на Собранието
4. Усвојување на Дневниот ред

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2025 година
   • Предлог-одлука за одобрување и усвојување на годишни извештаи (единечен и консолидиран) за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2025 година;

   **Гласаше ЗА**

   • Предлог-одлука за одобрување и усвојување Годишна сметка и Финансиски извештај на Друштвото;

   **Гласаше ЗА**

   • Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година;

   **Гласаше ЗА**

   • Предлог-одлука за одобрување на работата и за водење на работењето на Друштвото од страна на членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2025 година.

   **Гласаше ЗА**

2. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2025 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот;

   • Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2025 година;

   **Гласаше ЗА**

   • Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор.

   **Гласаше ЗА**

3. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот.

   • Предлог-одлука за усвојување на извештаите од овластениот ревизор;

   **Гласаше ЗА**

   • Предлог- одлука за назначување овластен ревизор за 2026 година.

   **Гласаше ЗА**

4. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2025 година.
   • Предлог-одлука за распределба на добивка по годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2025 година;

   **Гласаше ЗА**

• Предлог-одлука за утврдување датуми при исплата на дивиденда за 2025 година(дивиденден календар).

**Гласаше ЗА**

5. Разгледување и усвојување на предлог-одлука за измена и дополнување на Статут.
   - Предлог одлука за измена и дополнување на Статутот на Реплек АД Скопје
   - Усвојување на Пречистен текст на Статутот на Реплек АД Скопје

**Гласаше ЗА**

6. Донесување одлука за стекнување на сопствени акции со откуп и за продажба (отуѓување) на сопствени акции.
   - Предлог-одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;

   **Гласаше ЗА**

   - Предлог-одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда.

**Гласаше ЗА**

**1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Реплек АД Скопје**:

На Годишното собрание лично или преку овластен полномошник учествуваа акционери кои поседуваа 60,13% од акциите со право на глас. Откако беше констатирано дека се исполнети условите за работа на собранието и се избраа работните тела од Процедуралниот дел се премина на работниот дел од Дневниот ред.

Пред почетокот на работниот дел свое излагање имаше Претседателот на Управниот Одбор на Реплек АД Скопје, презентирајќи ги активностите кои биле преземени во 2025 година, предизвиците со кои се соочувале, како и идните планови за раст и развој на Групацијата. Свое обраќање имаше и Финансискиот Директор, образложувајќи ги подетално постигнатите резултатите во 2025 година.
Присутните акционери едногласно ги усвоија Годишниот извештај за работата на Друштвото во 2025 година, работата на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор, Годишната сметка и Финансиските извештаи, Ревизорските извештаи, како и Одлуката за распределба на добивката. На собранието акционерите ја усвоија и предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, односно се изгласа бруто дивиденда во износ од 500 денари по акција.
Предмет на гласање на оваа акционерско собрание беше и Предлог одлуката за измена и дополнување на Статутот на Друштвото. Предлог измените и дополнувањата на Статутот се во насока на негово усогласување со последните измени на Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност и применливата берзанска регулатива. Измените имаат за цел зајакнување на транспарентноста, одговорноста на органите на управување и заштитата на правата на акционерите. Дополнително, се прецизираат одредбите за финансиско известување, законски резерви, ревизија и објавување на ценовно чувствителни информации. Со предлогот се зголемува и бројот на членови на Управниот одбор од 4 на 7 члена.

Акционерите позитивно гласаа и за Предлог - одлука за стекнување на сопствени акции најмногу до 10% од главнината, и Предлог - одлуката за продажба на сопствени акции.

Минималната односно максималната цена што може да се плати за стекнување на сопствените акции со откуп е до 10%, пониско или повисоко од последната просечна дневна цена по акција. Продажбата на сопствените акции ќе се врши по пат на јавна понуда во согласност со Законот за хартии од вредност и Правилата за тргување на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје.

Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од акционерите присутни на Собранието. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред.

За ревидираните поединечните и консолидираните финансиски извештаи ревизорот има позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата.
Реплек АД Скопје во консолидираните финансиски извештаи за 2025 година прикажа приходи од продажба во износ од 2.079 милион денари, оперативна добивка од 363 милиони денари и нето добивка од 305 милиони денари. Приходите од продажба во однос на 2024 година забележаа раст од 6,7%, додека пак оперативната добивка и нето добивката забележаа раст од 31% и 36% соодветно.
Вкупните трошоци изнесуваат 1.735 милиони денари, а ставката Потрошени материјали (643,8 милиони денари) и ставката Трошоци за вработените (486,7 милиони денари) се највисоки расходни ставки со учество од 65% во вкупните трошоци на Групацијата.
Вкупните средства заклучно со 31.12.2025 година изнесуваат 3.820 милиони денари и бележат раст од 15,5% во однос на 2025 година. Раст се должи на ставките: Недвижности, постројки и опрема; Залихи; и Побарувања од купувачите.
Вкупните обврски изнесуваат 1.242 милиони денари, и се зголемени за 32% во однос на 2024 година. Задолженоста по сонов на долгорочни кредити изнесува 344 милиони денари, додека краткорочните кредити се во висина од 129,8 милиони денари. Кај долгорочните кредити има зголемување на износот за 160 милиони денари, а кај краткорочните намалување за 86 милиони денари во однос на 2024 година.

Со исцрпување на Дневниот ред Претседателот на Собранието го прогласи акционерското собрание за завршено.

## 2. Тетекс АД Тетово

### 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд, за кое Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Тетекс АД Тетово**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Тетекс АД Тетово** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,58%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |

| | |
|---|---|
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,02%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 22.04.2026 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на годишното собрание<br>2. Избор на претседавач на годишното собрание<br>3. Избор на записничар и два оверувачи на записник<br>4. Избор на еден бројач на гласови<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2025 год.<br>- Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2025 год.<br><br>2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2025 год.<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на годишна сметка и финансиски извештаи 2025 год.<br><br>3. Разгледување на Извештај на независен ревизор<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Извештај на независен ревизор<br><br>4. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово, одобрување на работата на членовите на Одборот и распределба на резервирани финансиски средства за 2025 год.<br>- Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори, усвојување на Извештајот и распределба на резервирани финансиски средства |

| | |
|---|---|
| | 5. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2025 год.<br>- Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот<br><br>6. Донесување Одлука за распределба на добивка остварена по годишна сметка<br>- Предлог-Одлука за распределба на остварена добивка<br><br>7. Донесување Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар<br>- Предлог-Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар<br><br>8. Донесување Одлука за стекнување сопствени акции<br>- Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции<br><br>9. Донесување финансиски план за 2026 година<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување финансиски план за 2026 год за Тетекс АД Тетово<br><br>10. Донесување на Одлука за назначување на независен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2026<br>- Предлог-Одлука за назначување на независен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2026 год. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Милевски |

## II. Тетекс АД Тетово

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Тетекс АД Тетово се одржа на 22.04.2026 година со почеток во 12:00 часот во просториите на Друштвото, на ул. Браќа Миладинови бр. 1, Тетово. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отварање на годишното собрание
2. Избор на претседавач на годишното собрание
3. Избор на записничар и два оверувачи на записник

4. Избор на еден бројач на гласови

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен дел:**

1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2025 год.
- Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2025 год.

**Гласаше ЗА**

2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2025 год.
- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на годишна сметка и финансиски извештаи 2025 год.

**Гласаше ЗА**

3. Разгледување на Извештај на независен ревизор
- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Извештај на независен ревизор

**Гласаше ЗА**

4. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово, одобрување на работата на членовите на Одборот и распределба на резервирани финансиски средства за 2025 год.
- Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори, усвојување на Извештајот и распределба на резервирани финансиски средства

**Гласаше ЗА**

5. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2025 год.
- Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот

**Гласаше ЗА**

6. Донесување Одлука за распределба на добивка остварена по годишна сметка
- Предлог-Одлука за распределба на остварена добивка

**Гласаше ЗА**

7. Донесување Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар
- Предлог-Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар

**Гласаше ЗА**

8. Донесување Одлука за стекнување сопствени акции
- Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции

**Гласаше ЗА**

9. Донесување финансиски план за 2026 година
- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување финансиски план за 2026 год за Тетекс АД Тетово

**Гласаше ЗА**

10. Донесување на Одлука за назначување на независен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2026 година
- Предлог-Одлука за назначување на независен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2026 година.

**Гласаше ЗА**

**2.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Тетекс АД Тетово:**

На Годишното акционерско собрание преку коресподенција и лично присуствуваа акционери кои поседуваа 72,96% од акциите со право на глас. Откако се утврди дека се исполнети условите за одржување на собранието се пристапи кон избор на Работни тела.

По гласањето за Процедуралниот дел, се премина кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел од Дневниот ред.

На собранието акционерите позитивно гласаа за Извештајот за работата на Друштвото за 2025 година, работата на Одборот на директори, Годишната сметка и Финансиските извештаи, Ревизорскиот извештај, како и Одлуката за распределба на добивката. На акционерското собрани се усвои и одлуката за исплата на бруто дивиденда од 55,56 денари по акција.

Присутните акционери позитивно се изјаснија и за Одлуката за стекнување на сопствени акции.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше позитивно по точите од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени.

Во ревидираните финансиски извештаи ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на Тетекс АД Тетово.

Во објавените консолидирани ревидирани финансиски извештаи за 2025 година, Тетекс АД Тетово прикажа приходи од продажба во вредност од 56,1 милиони денари и останати оперативни приходи во висина од 205,4 милиони денари. Во текот на 2025 година извршена е рекласификација на приходите од наемнина од останати оперативни приходи во приходи од продажба, со цел поадекватно презентирање на приходите согласно основната дејност на Друштвото. Рекласификацијата нема влијание врз вкупните приходи и финансискиот резултат.

Оперативната добивка изнесува 67,2 милиони денари, а нето добивката е 66,3 милиони денари. Најголем дел од приходите на компанијата потекнуваат од Пренос на право на располагање на земјиште во износ од 192,5 милиони денари. Дивидендата од ТТК Банка АД Скопје примена во 2025 година изнесува 26,1 милиони денари во бруто износ.

Вкупните средства заклучно со 31.12.2025 година изнесуваат 1,71 милијарди денари, а обврските се во висина од 84,2 милиони денари. Компанијата нема долгорочни кредити.

Со усвојување на последната точка од Дневниот ред, Претседавачот на собранието го прогласи Годишното акционерското собрание на Тетекс АД Тетово за затворено.